Синиша ДАСКАЛОВСКИ

**УДК: 355.1.008(-662 НАТО)**

# МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ И ДИМЕНЗИОНИРАЊЕТО НА ВИДОВИТЕ ВО ВОЈСКИТЕ НА НАТО ЗЕМЈИТЕ – СОСТОЈБИ И ПРОМЕНИ

***Кратка содржина***

*Во овој труд направен е обид да врз база на анализа на истражуваниот материјал за воената организација на НАТО земјите се утврди достигнатиот ниво на димензионирање и меѓусебни односи на основните делови на вооружените сили. При тоа се појде од состојбите со димензионирањето и меѓусебните односи на основните делови на вооружените сили-видовите, кај најголем дел од земјите членки на НАТО во почетокот на деведесетите години од XX век. Исто така, се појде и од состојбите со димензионирањето и меѓусебните односи на видовите кај најголем дел од земјите членки на НАТО во 2004-2005 година. Како и од сознанието дека, корпусот на податоци кои ги оформуваат димензиите и меѓусебните односи на видовите, сеуште се обликува и нијансира. Утврдувањето на димензиите и меѓусебните односи на видовите во вооружените сили на земјите членки на НАТО може да послужи како добра основа за обликување на видовите и нивните меѓусебни односи во воружените сили на Република Македонија.*

***Клучни зборови:*** *ВИДОВИ, ВООРУЖЕНИ СИЛИ, НАТО, МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ, ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ, ПРОМЕНИ.*

## ДИМЕНЗИОНИРАЊЕТО И МЕЃУСЕБНИТЕ ОДНОСИ НА ВИДОВИТЕ НА КРАЈОТ ОД СТУДЕНАТА ВОЈНА

Анализирани се 12 земји (Белгија, Данска, Франција, Германија, Италија Холандија, Норвешка Португалија, Шпанија, Турција, В. Британија и Грција)членки на Северноатланскиот сојуз-НАТО. Податоците за димензиите на видовите се земени од Интернационалниот институт за стратегиски истражувања, The Military Balance, и тоа од 1992-1993 година. Врз основа на овие податоци се пресметани

зафаќањата на видовите од активниот дел на целокупната маса на вооружените сили,[1] како и нивните меѓусебни односи. Најголем дел од анализираните земји (вкупно десет) членки на НАТО, во составот на вооружените сили имаат по три основни дела-видови на вооружените сили и тоа: Копнена Армија, Воена Морнарица и Воздухопловни Сили.[2]

За разлика од нив, В. Британија и Франција имаат, плус уште еден вид кој отпаѓа на стратегиските сили или како што французите ги нарекуваат стратегиско нуклеарни сили.[3]

Копнената армија,[4] квантитативно, зафаќа најголем дел од активата на вооружените сили, и тоа: кај Белгија изнесува 67%, Данска 59%, Франција 60%, Германија 71%, Италија 65%, Холандија 65%, Норвешка 49%, Португалија, 56%, Шпанија 67%, Турција 80%, В. Британија 50% и Грција 71%. Разликата помеѓу минимумот кој изнесува 49% и максимумот кој изнесува 80% е 31%, што јасно укажува на влијанието на повеќе разноврсни фактори кои ја детерминираат големината и меѓусебниот однос на видовите. Од друга страна, колку разликата е поголема дотолку повеќе се усложнува барањето на оптималната големина на пример за земјата која е во процес на изградба на вооружените сили. Сепак, постојат можности за проширување и конкретизирање на анализата и тоа преку собирање на процентуалните зафаќања и нивна поделба со вкупниот број на земји, со што ќе се добие средна процентуална вредност на зафаќање од вкупната актива на вооружените сили која изнесува 63%. Условно, може да се формираат на пример неколку групи и тоа: прва, со зафаќање до 50% има две земји (Норвешка и В. Британија), втора, со зафаќање до 60% има три земји(Португалија, Данска и Франција), трета, со зафаќање до 70%, има четири земји (Италија, Холандија, Белгија и Шпанија), и четврта група со зафаќање до 80% има три земји (Германија, Грција и Турција). Најголемо групирање на земји со приближно исто а некои и со идентично зафаќање има во третата

---

[1] TOTAL ARMED FORCES – Целокупни – вкупно вооружени сили, подразбира целина составена од активни сили и резерва. Активата ги вклучува сите мажи и жени во служба на армијата(вклучувајќи ги регрутите и воениот распоред од резервата). The Military Balance 1992-93, London, 1992, The IISS, p., 5, 36.

[2] Види повеќе во: The Military Balance 1992-1993, London, 1992: The IISS, p. 36-40, 45-61.

[3] Ibid, p.40-44, 61-64.

[4] The Military Balance, со терминот ARMY-армија, го означува видот Копнена Армија, се среќава и како КоВ (копнена војска), види: Мирковиќ Т, Стратегије и ратне доктрине суперсила и блокова, ВИЗ, Београд, 2003, стр. 226.

група, која се издвојува како втор добар репер за изборот на оптимално зафаќање на еден од видовите од активниот дел на вкупната вооружена сила.

Морнарицата,[5] како еден од основните делови на вооружените сили, без исклучок е застапена во сите 12 анализирани земји членки на НАТО, и тоа е пред се производ на влијанието на географската положба. Секако, врз димензионирањето и меѓусебниот однос на видовите влијаат и други фактори, што крајно ќе го детерминираат процентуалното зафаќање од активата на вооружените сили, инаку тешко може да се објасни разликата помеѓу минималното зафаќање од 5% кај Белгија и максималното од 26% кај Португалија. Условно и за овој вид можеме да формираме неколку групи, и тоа првата до 10%, три земји(Белгија, Германија и Турција), до 20% шест земји (Данска, Франција, Италија, Холандија, Шпанија и Грција) и трета група над 20% три земји (Норвешка, Португалија и В. Британија). Просечното процентуално зафаќање би изнесувало 15%.

Воздухопловните сили,[6] се најмлад но мошне влијателен и перспективен вид на вооружените сили. Земјите членки на НАТО посветуваат големо влијание на неговиот развој и унапредување. Еклатантен пример за ваквиот однос и определба на земјите членки на НАТО е војната во Персискиот залив 1990-1991година.[7] Од аспект на нашето истражување токму во тој период, процентуалното зафаќање на воздухопловните сили од активата на целокупните вооружени сили на securities ализираните земји членки на НАТО се движи од минималните 11% до максималните 29%. Просечното процентуално зафаќање изнесува 20%. Во случајот, условно може да се формираат две групи и тоа : Првата група би била оформена од воздухопловните сили на земји кои зафаќаат до 20% од активата на целокупните вооружени сили со вкупно пет земји(Грција, Турција, Шпанија, Португалија и Холандија), и втората група со зафаќања над 20%, седумте простанати земји. Се разбира, дека е можно да се направат и други поделби, но во случајот оваа се издвојува како најприфатлива.

Доколку направиме обид да ги собереме просечните процентуални зафаќања на видовите од активниот дел на целокупните

---

[5] NAVY или морнарица, подразбира вид во вооружените сили на НАТО земјите кој се однесува на Воената морнарица, види: The Military Balance 1992-1993... 2004-05.

[6] Видот, AIR Force – Воздухопловни сили се среќава и како Воено ваздухопловство, за извесен број на земји тоа е вид кој постои како целина со противвоздушната одбрана.

[7] Види повеќе во: Мирковиќ Т, Стратегије и ратне доктрине суперсила и блокова,ВИЗ, Београд, 2003, стр. 230-231.

вооружени сили ќе утврдиме дека најголем дел отпаѓа на копненита армија 63%, на воздухопловните сили, отпаѓа 20% и на воената морнарица 15%. Остатокот од 2% отпаѓа на четвртиот вид (стратегисконуклеарните сили) од вооружените сили или на други сили или служби како што е случајот со Белгија и Холандија.[8]

## ДИМЕНЗИОНИРАЊЕ И МЕЃУСЕБНИ ОДНОСИ НА ВИДОВИТЕ ВО 2004-05

На идентичен начин е извршена анализа на податоците за воената организација на земјите членки на Алијансата од The Military Balance 2004-2005,[9] при што е утврдено следното: Најпрво, во однос на копнената армија, минмумот на процентуалното зафаќање од активниот дел на целокупните вооружени сили изнесува 44%, а максимумот 78%.[10] Тоа за разлика од претходното истражување (1992-1993) преставува извесно намалување кое е поизразено во минималните зафаќања, (изнесува 5%), отколку што е случајот со максималните зафаќања каде разликата е само 2%. Во однос на условно формираните четири групи сега имаме во првата група до 50% зафаќање од активниот дел на целокупната вооружена сила само една земја, во предходното истражување беа две земји, во втората група до 60%, се издвоија шест земји, во предходниот случај беа само три земји. Во третата група до 70% се оформија четири земји, што е исто како и во предходното истражување. Сепак, има извесна разлика во намалувањето на процентот на зафаќање од активниот дел на целокупните вооружени сили и тоа кај три земји од новата група. И четвртата група до 80%, само една земја, во предходниот случај беа три земји. Во однос на просечното зафаќање на копнената армија од активниот дел на целокупната вооружена сила се добија 60%, што преставува 3% помалку во однос на предходното истражување. Евидентно е дека во периодот од 1992-93 до 2004-05 година, има намалување на учеството на копнената армија во квантумот на активниот дел од целокупните вооружени сили. Од групите, како доминантна се оформува втората со процентуални зафаќања од 50 до 60 % од активниот дел на целокупните вооружени сили. Оваа група може да преставува

---

[8] Види: The Military Balance 1992-1993, London, The IISS, p. 36, 52.

[9] The Military Balance 2004-2005, London, 2004, The IISS, p. 43-77.

[10] Види: Табела – Димензинирањето на видовите и службите изразено во проценти

добар пример за обликување на копнената армија на голем број земји меѓу кои и за Република Македонија. Се разбира дека и просечното процентуално зафаќање на копнената армија од активниот дел на целокупните вооружени сили не требе да се занемари, но сепак се чини дека за извесен број на земји е помалку прифатливо од повеќе аспекти.

Воената морнарица е вид кој во новиот период ќе бележи незнатни промни во смисла на зголемување на процентуалното зафаќање од активниот дел на целокупните вооружени сили. Имено, минимумот е 6% а максимумот 24%. Од условно формираните групи во првата група до 10%, три земји, втората група до 20%, шест земји и третата група над 20%, три земји. Ова е идентично како и во случајот со воената морнарица 1992-93 година. Различно е, зголемениот процент на зафаќање кај извесен број на земји. Тоа е евидентно во сите групи и посебно во втората која се издвојува како добар пример за следење, односно димензионирае на воената морнарица.

Военото воздухоплство како вид на вооружените сили, во 2004-05 ќе достигне зголемување на вкупниот процент на зафаќање од активнио дел на вооружените сили од еден процент. За разлика од него, просечниот процент на зафаќање во однос на истиот во 1992-93 година, остана ист и изнесува 20%. Минимумот на зафаќање достигна 12% а максимумот 25%. Во однос на условно формираните групи, сега имаме состојба со шест земји до 20% зафаќање и исто толку земји во втората група со зафаќања над 20%. Согласно на зголемувањето на процентот на зафаќање како поприфатлива за избор се издвојува втората група, иако во однос на истоветното групирање на земјите и не мора така да биде.

Доколку направиме обид да ги сумираме просечните зафаќања на видовите од активниот дел на целокупните вооружени сили ќе се оформи целина со 60% зафаќање за копнената армија, 16% зафаќање за воената морнарица и 20% зафаќање за военото воздухопловство. Во случајот од 1992-93 година имаме однос на видовите 63% копнена армија, 15% воена морнарица и 20% воено воздухоплство. Евидентно е дека има промени и тие се најизразени кај копнената армија во смисла на нејзино намалување, а зголемување на воената морнарица и незнатно на военото воздухоплство. И во едниот и во другиот случај имаме остаток и тоа од 2% во 1992-93 година и 4% во 2004-05 година. Тој се однесува на четвртиот вид на вооружените сили или на други сили и служби кои ја оформуваат целината на

активниот дел на вооружените сили. Се разбира, станува збор за просечно зафаќање од активата на целокупните вооружени сили, што ќе каже дека вредностите се различни од земја до земја. Така на пример Белгија, со здружените сили и медицински служби зафаќа 8% , Данска 3%, Франција на службите отпаѓа 3%, а на стратегиските сили како четврти вид 2%, итн.[11] Како значајно се издвојува сознанието дека многу мал дел отпаѓа на четвртиот вид на вооружените сили-Франција веќе ја споменавме со 2% и В.Британија со 0,5% од активниот дел на целокупните вооружени сили. Тоа ќе каже дека на другите сили и служби кои не се формирани како вид отпаѓа најголем дел од процентуалното зафаќање, што сепак е различно од земја до земја. Исто така, се издвојува и сознанието дека во изминатиот период од 12 години се зголеми бројот на земји кои во рамките на целокупните вооружени сили ќе формират и други сили и служби. Така ако во 1992-93 година се издвоија две (Белгија и Холандија), во 2004-05 година тој број се зголеми, достигнувајќи шест земји и тоа: Белгија, Данска, Холандија, Норвешка, Шпанија, и Грција. Ако кон овој број се додадат, земјите кои располагаат и со четвртиот вид на вооружените сили, тогаш бројот на земји кои во својот состав имаат и други сили и служби ќе се зголеми за две земји и тоа Франција и В. Британија. Така ќе дојдеме до бројката од осум земји кои ќе го оформат четвртиот дел од активата на целокупните вооружени сили, на вкупно 12-те анализирани земји членки на Алијансата. Со тоа дефинитивно се отвара една нова димензија која заслужува понатамошно следење и анализа на состојбите, процесите и промените во развојот. Ова дотолку повеќе бидејќи развојот на овој дел од вооружените сили е производ на влијанието на низа фактори, различни од факторите кои ги детерминираа односите и димензиите на главните делови на вооружените сили. Имано, во постуденовиот период Алијансата (и пошироко современиот свет) ќе се соочи со нови безбедносно-одбранбени предизвици[12] и ризици. Секако дека тие нови фактори значајно влијаат врз воената организација во целост и посебно врз Алијансата како најголема воено-политичка организација во современиот свет. Во таа смисла новите „војни конфликти од четврта генерација“[13] ќе влијаат врз реформирањето

[11] Види: Табела – Димензионирањето на видовите и службите изразено во проценти

[12] За НАТО новите предизвици и другите закани за Европа види: The Military Balance 2002-2003, London, 2002, p. 27, 31-34.

[13] Види повеќе во: Нова стратегија за победа во Долгата војна, Офицери од 63 земји во Здуженатa команда во Флорида, „Дневник“ 12 април 2006. стр. 11.

на воената организација кое ќе го зафати димензионирањето и промената на односите помеѓу главните видови на вооружените сили. Како нов момент и сознание ќе се диференцира и новиот однос кон другите сили и служби кои се во функција на целокупната воена организација. Ова се диференцира се повеќе како потреба која ќе ги покрива сите оние празнини кои не ќе можат да бидат покриени од главните делови на вооружените сили. Со тоа се зголемува улогата и значењето на другите сили и служби во рамките на воената организација. Со ова не се маргинализира улогата на главните делови, односно, видовите во вооружените сили, се отвара само една нова перспектива во нивниот развој. Овој нов момент за воената организација на земјите членки на Алијансата е значаен сигнал за сите земји аспиранти за влез во Алијансата меѓу кои и Република Македонија. Во однос на главните делови-видовите, веќе констатиравме дека има процентуално намалување на квантумот на копнената армија во однос на воздухопловните сили и воената морнарица, и тоа со поголеми зафаќања во воздухопловните сили. Сепак, сликата за димензионирање и меѓусебните односи на главните видови нема да биде потполна доколку не се земе во обзир трендот на обликувањето на квантумот на вооената организација како целина. Всушност, анализата на големината на активниот дел од целокупните вооружени сили во периодот од 1992-93 до 2004-05 покажува дека има големо намалување на квантумот. Така на пример кај Белгија од 80,700 припадници на активниот дел од целокупните вооружени сили во 1992-93 ќе се намалат на 40,800 во 2004-05 година. Слична е состојбата и со активата на воружените сили на другите анализирани земји. На пример, Данска, 1992-93 има 29,200 припадници на активиот дел од вооружените сили, а во 2004-05, 21,180, Франција има 431,700 припадници на активата на вооружените сили во 1992-93, а 259,050 во 2004-2005, Германија има 447,000 во 1992-93 а 284,500 во 2004-05 година. Евидентно е дека се драстични намалувањата на активата на вооружените сили. Се разбира намалувањето на димензиите одело различно од земја до земја во текот на анализираните 12 години. На пример ќе ја издвоиме 1997-1998 година. Според податоците на Лондонскиот институт за стратегиски истражувања, активниот дел на целокупните вооружени сили на Белгија изнесувал 44,450 припадници, на Данска 32,900, Франција 380,820, Германија 347,100, Италија 325,150, Холандија 57,180, Норвешка 33,600, Португалија 59,300, Шпанија 197,500, Турција 639,000, В.Британија 213,800 и Грција 162,300.[14] Споредбено,

кај седум од дванесте земји има намалување на активата. Мал исклучок се Данска, Норвешка, Португалија, Турција и Грција каде има колебање во однос на намалувањето на квантумот на активата, а кај некои и незнатни зголемувања. Тоа е одраз на влијанието на повеќе фактори со различно влијание. Но, крајно како што се гледа од Табелата, на која се прикажани видовите на вооружените сили од 2004-05 година лесно се воочува споредбено со анализата на видовите од 1992-93 година, дека со исклучок само на Грција, има намалување на активата на вооружената сила и тоа кај сите други анализирани земји од кои кај некои скоро за половина. Тоа е новата состојба со активата на вооружените сили на 12-те анализирани земји членки на Алијансата. Ако сега во рамките на оваа нова состојба и сознание се додаде сознанието за димензионирањето на видовите и другите сили и служби, како и нивните меѓусебни односи во нови услови ќе се исполни мозаикот за фактичката состојба. Без тоа може да се создаде погрешна слика за димензионирањето и меѓусебните односи на главните делови на вооружените сили и другите сили и служби.

## ЗАКЛУЧОЦИ, СОГЛЕДБИ И СОЗНАНИЈА

Врз основа на анлизираниот материјал за димензионирањето и меѓусебните односи на видовите и другите сили и служби во рамките на активниот дел на вооружените сили во периодот од 1992-93 до 2004-05, дојдено е до следните сознанија, заклучоци и согледби.

1. Крајот на студената војна ќе го означи и крајот на големите армии кој според направените анализи на податоците од Лондонскиот институт за стратегиски истражувања The Military Balance 1992-93 година, и тоа активата, зафаќа од минималните 0,5% кај Шпанија и Потругалија до фантастичните кај Грција, максимални 1,56 % од населението. Најголема група (5) од анализираните 12 земји зафаќаат 0,5% од населението, сите други се со поголеми зафаќања.
2. Во рамките на активниот дел, доминатна е копнената армија како вид на вооружените сили со минимум од 49% до максимум 80% зафаќање од активата на вооружените сили. Од групуте

[14] Види поопширно во: The Military Balance 1997-98, London 1997, IISS, p. 46, 48, 50, 53, 56, 58, 61, 62, 64, 65, 67, 69.

како најголема се оформи, групата од 61-70% зафаќање, а просечната процентуална вредност се утврди на 63%. Кај Воената морнарица процентуалните зафаќања се движат од минималните 5% до максималните 26% од активата на вооружените сили. Како доминантна се оформи групата до 20% зафаќање со вкупно 6 земји. Просечното процентуално зафаќање се утврди со вредност од 15%. Кај Воздухопловните сили се утврди минимумот од 11% и максимумот од 29% од активата на вооружените сили со две групи од кои како доминантна ќе се издвои групата над 20% со вкупно седум земји. Просечното процентуално зафаќање ќе се утврди со вредност од 20%. Преостанатите 2% отпаѓаат на четвртиот вид и другите сили и служби на активата на вооружените сили, со вкупно четири од дванаесетте анализирани земји.

3. За анализираниот период 2004-05 година се утврди дека активата на вооружените сили ќе бележи драстични намалувања, со мал исклучок на Грција која ќе го задржи приматот на зафаќање од 1,6% од населението. Сега минимумот на зафаќање ќе се спушти на 0,3%. Најголем дел од анализираните земји, вкупно девет ќе зафатат од 0,3 и 0,4 % од населението, што ќе каже за некои земји и намалување поголемо од 40% во однос на 1992-93 година.
4. Аналогно, на намалувањето на активата ќе следи и намалување на димензиите и меѓусебните односи на видовите на вооружените сили. Во тие рамки, Копнената армија ќе зафати од минималните 44% до максималните 78% од активата, што претставува намалување за 5% на долниот и 2% на горниот праг во однос на 1992-93 година. Како доминантна сега ќе се оформи групата од 51-60 години со вкупно шест земји. Ова ќе влијае и просечното процентуално зафаќање да падне на 60 %, што е помалку за 2% во однос на предходното за 1992-93 година. Кај морнарицата има зголемување на димензиите за 1% во однос на предходниот случај, кога станува збор за просечното процентуално зафаќање. Кај групите нема промени во однос на групирањето, освен што е зголемен процентот на зафаќање кај извесен број на земји. Кај воздухопловните сили, скоро да нема промени во однос на анализите направени за 1992-93 година. Останува исто просечното процентуално зафаќање од 20%, со изедначени две групи од по шест земји со минимум зафаќање од 12% и максимум од 25%, што преставува стес-

нување на разликите помеѓу групите. Оттука се оформува просечното процентуално зафаќање од 60% за Копнената армија, 16% за Воената морнарица и 20% за Воздухопловните сили. Остатокот од 4% отпаѓа на четвртиот вид и другите сили и служби на активниот дел од целокупните вооружени сили.

5. Како значајно се оформи и сознанието за зголемувањето на процентуалното зафаќање на службите и другите сили во рамките на активата на вооружените сили, што е производ на влијанието на новите предизвици и безбедносно-одбранбени ризици со кои се соочуваат анализираните земји и не само тие во постудениот период. Квантитативното зголемување во однос на 1992-93 година ќе се оствари за 100%, зафаќајќи сега осум земји. Процентуалното зафаќање се движи од минималните 0,4% до фантастичните, максимални 13% кај Холандија. Мал исклучок се Германија, Италија, Португалија и Турција каде со трите главни вида се покрива активата на вооружените сили.
6. За Република Македонија, како значајно може да се издвои сознанието за оформувањето на група анализирани земји членки на Алијансата со формирано зафаќање на активата на вооружените сили и тоа од 0,3-0,4 % од населението. Се препорачува да ја анализира матрицата на видовите во однос 60+16+20 и да ја прилагоди на свои услови, при што ќе води особено сметка за групите кои се најмногубројни. Ова особено се однесува на копнената армија, делот на воената морнарица може да го претопи во копнената армија, како посебни сили или во делот од военото воздухопловство и противвоздушната одбрана. Значајно внимание заслужува и зголемената улога и место на службите и другите сили за кои Републиката требе да одвои значаен процент од активата на вооружените сили, се разбира во рамките на состојбите и движењата на анализираните земји членки на НАТО.
7. Исто така, како значајно се издвојува сознанието дека корпусот на податоци кои ги анализиравме сè уште се осовременуваат и нијансираат, што ќе каже дека е потребно и понатаму да се следат и анализираат, а овој труд може да послужи како аналитичка подлога за превземање попродлабочени истражувачки зафати.

(Рецензент: *проф. д-р Димитар Мирчев*)

Sinisa DASKALOVSKI

# MUTUAL RELATIONSHIPS AND GIVING DIMENTIONS OF THE ARMY TUPES OF NATO COUNTRIS-SITUATIONS AND CHANGES


## Summary

*In this paper an effort has been made on the basis of the anallysis of the research materijal of themilitary organization of the NATO countries to reash the level of giving dimentions in themutual relationships of the basic parts of the armrd forces. The starting points were the situations with giving dimentions of the basic parts of the armed forces-tupes, with the largest member ofmember states of NATO at the beginning of the 90 ` in the 20 th century. The situations of giving dimentions were also taken ad starting points and the mutual relations of the tupes with the largest number of the member states of NATO in 2004-2005. The data base which form the dimentions in the mutual relations of the tupes are stilbeing formed and desingned. The determinations of the dimentions and mutual relations of the armed forces tupes of NATO member states may become a solid base for formation of the types and their mutual relations in the armed forces of Republic of Macedonija.*


***Keywords:*** *TYPES, ARMED FORCES, NATO, MUTUAL RELATIONSHIPS, GIVINGDIMENTIONS, SHANGES.*